Архивски знак:____________
Рок на чување:__________ год.
__________ 20____ година
Потпис, ____________

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Бр. 12-282/11
15.11.2013 год.

Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106212
Сајт: www.mtsp.gov.mk

**До: Министерство за информатичко општество и администрација**

**Предмет: Извештај од спроведени консултации по однос на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за правата на воените инвалиди на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци и членовите на нвните семејства и за предлог Закон за дополнување на Законот за материјално обезбедување за учесниците во НОВ**

**Почитувани,**

Согласно со член 8 од Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување на закони (Службен весник на РМ бр.150/11 ), Министерството за труд и социјална политика – Управа за прашања на борците и воените инвалиди ја запази постапката на подготовка и пред поднесување на Предлог законот за измена и дополнување на Законот за правата на воените инвалиди на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци и членовите на нивните семејства и за предлог Закон за дополнување на Законот за материјално обезбедување за учесниците во НОВ, Ве известува дека предложениот текст на законите се овозможи јавен увид, односно истиот беше објавен на веб страната на Министерството и на ЕНЕР во перидот од 25.06. до 09.07.2013 година, заедно со образец број 1-План за почетна процена на влијанието на регулативата и обрзец број 2 –Иницијалната проценка на влијанието на регулативата. Со објавувањето беше овозможено сите засегнати страни да го дадат своето мислење и коментари по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за правата на воените инвалиди на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци и членовите на нвните семејства иза предлог Закон за дополнување на Законот за материјално обезбедување за учесниците во НОВ.

Согласно горенаведеното, Министерството за труд и социјална политика-Управа за прашања на борците и воените инвалиди, доставува извештај дека од страна на засегнатите страни од јавниот увид нема добиени коментари, мислења и предлози по однос на горе наведените Предлог измени и дополнувања на законите. Имаше забелешки од Секретаријатот за законодавство по кои е постапено и се усогласени.

Воедно, согласно член 4 од Упатството Министерството за труд и социјална политика Ве известува дека Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за правата на воените инвалиди на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци и членовите на нивните семејства и за предлог Закон за дополнување на Законот за материјално обезбедување за учесниците во НОВ заедно со пропишаните прилози ќе ги објави на веб страната на министерството и на ЕНЕР.

Изработил: Виолета Спировска

ДИРЕКТОР
Бранко Јаневски

МИНИСТЕР
Диме Спасов

Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, Скопје